# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
# НА ОПШТИНА РОСОМАН

**Бр.11/26 од 31.08.2026 година**

*Службениот гласник на Општина Росоман излегува по потреба*   *Изготвува општинската администрација на Општина Росоман*

## СОДРЖИНА

**1.** Заклучок за објавување на Заклучокот по однос на точка 1 од утврдениот дневен ред на седницата, Стипендии за талентирани ученици........ **4**

**2.** Заклучок по однос на точка 1 од утврдениот дневен ред на седницата, Стипендии за талентирани ученици........ **5**

**3.** Решение за запирање на објавата на Заклучок........ **6**

**4.** Заклучок за објавување на Решението за именување на ВД членови на Надзорен одбор за контрола на материјалното и финансиско работење на Јавното претпријатие за комунални дејности "Росоман" – општина Росоман........ **8**

**5.** Решение за именување на ВД членови на Надзорен одбор за контрола на материјалното и финансиско работење на Јавното претпријатие за комунални дејности "Росоман" – општина Росоман........ **9**

**6.** Заклучок за објавување на Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за соработка со ТРД КТВ ДООЕЛ – Кавадарци........ **10**

**7.** Одлука за давање согласност за склучување на Договор за соработка со ТРД КТВ ДООЕЛ – Кавадарци........ **11**

**8.** Заклучок за објавување на Решението за недавање согласност на Годишен план за вработување на Општина Росоман за 2027 година........ **12**

**9.** Решение за недавање согласност на Годишен план за вработување на Општина Росоман за 2027 година........ **13**

**10.** Заклучок за објавување на Решението за недавање согласност на Годишен план за вработување на ЈОУДГ „Праскичка" – Општина Росоман за 2027 година........ **14**

**11.** Решение за недавање согласност на Годишен план за вработување на ЈОУДГ „Праскичка" – Општина Росоман за 2027 година........ **15**

**12.** Заклучок за објавување на Решението за давање согласност на Одлука за зголемување на бројот на деца по воспитни групи за воспитната 2026/2027 година во ЈОУДГ „Праскичка" Росоман........ **16**

**13.** Решение за давање согласност на Одлука за зголемување на бројот на деца по воспитни групи за воспитната 2026/2027 година во ЈОУДГ „Праскичка" Росоман........ **17**

**14.** Заклучок за објавување на Решението за разрешување и именување на член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Праскичка" Росоман како претставник од Министерството за социјална политика, демографија и млади........ **18**

**15.** Решение за разрешување и именување на член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Праскичка" Росоман како претставник од Министерството за социјална политика, демографија и млади........ **19**

**16.** Заклучок за објавување на Одлуката за именување членови на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Росоман........ **20**

**17.** Одлука за именување членови на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Росоман........ **21**

**18.** Заклучок за објавување на Одлуката за давање согласност за распишување Јавен повик за избор на членови на Иницијативен одбор за организација и одржување на Локално младинско собрание на Општина Росоман........ **22**

**19.** Одлука за давање согласност за распишување Јавен повик за избор на членови на Иницијативен одбор за организација и одржување на Локално младинско собрание на Општина Росоман........................................................................................................ **23**

**20.** Заклучок за објавување на Заклучокот по однос на точка 11 од утврдениот дневен ред на седницата, односно Предлог – Одлуката за донесување на Предлог – Техничка исправка за урбанистички план вон населено место Росоман за стопански комплекс за производство и примарна и финална обработка на земјоделски производи, КО Росоман, Општина Росоман, донесен со Одлука 07-568/3.2 од 28.12.2010 година........................ **24**

**21.** Заклучок по однос на точка 11 од утврдениот дневен ред на седницата, односно Предлог – Одлуката за донесување на Предлог – Техничка исправка за урбанистички план вон населено место Росоман за стопански комплекс за производство и примарна и финална обработка на земјоделски производи, КО Росоман, Општина Росоман, донесен со Одлука 07-568/3.2 од 28.12.2010 година.............................................................. **25**

**22.** Заклучок за објавување на Решението за усвојување на Извештај (квартален) за финансиското работење на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци за период од 01.01.2026 година до 30.06.2026 година........................................................................ **26**

**23.** Решение за усвојување на Извештај (квартален) за финансиското работење на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци за период од 01.01.2026 година до 30.06.2026 година........................................................................................................................ **27**

**24.** Заклучок за објавување на Решението за давање согласност на Одлука за утврдување на цените на услугите за третман на заловено сопственичко куче во ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци........................................................................................................ **28**

**25.** Решение за давање согласност на Одлука за утврдување на цените на услугите за третман на заловено сопственичко куче во ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци....... **29**

**26.** Заклучок за објавување на Одлуката за донесување на Годишна програма за работа на ООУ „Пере Тошев“ општина Росоман за учебната 2026/2027 година........................... **30**

**27.** Одлука за донесување на Годишна програма за работа на ООУ „Пере Тошев“ општина Росоман за учебната 2026/2027 година...................................................................... **31**

**28.** Заклучок за објавување на Одлуката за одобрување на еднократна парична помош на физичко лице.................................................................................................................. **32**

**29.** Одлука за одобрување на еднократна парична помош на физичко лице.................................................................................................................................. **33**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Заклучокот по однос на точка 1 од утврдениот дневен ред на седницата, Стипендии за талентирани ученици, донесен на 15-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 31.08.2026 година.

Изработила: Ј/К

**Бр.09-705/1.1**
**03.09.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 15-та седница одржана на ден 31.08.2026 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

**1.** По однос на точка 1 од утврдениот дневен ред на седницата, Стипендии за талентирани ученици, по одржана седница:

- Советот на Општина Росоман одлучи на наредна седница градоначалникот да поднесе предлог за формирање на Комисија за стипендирање, со цел спроведување на постапка за стипендирање.

**2.** Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-705/1.1**
**31.08.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 2 и член 51 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 22 став 2 од Законот за комуналните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 89/22), соодветните одредби од Законот за јавните претпријатија и член 22 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

**за запирање на објавата на Заклучок**

1. **СЕ ЗАПИРА** објавувањето на Заклучокот донесен по однос на точка 2 од утврдениот дневен ред на 15-тата седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 31.08.2026 година, под бр.08-705/1.2 од 31.08.2026 година, односно заклучокот по иницијативата за измена на тарифата за смет, со кој Советот на Општина Росоман ја усвои иницијативата со која се предлага тарифата за износ на смет да се пресметува паушално во износ од 250,00 денари.

2. Ова Решение стапува на сила со денот на донесувањето.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Советот на Општина Росоман на својата 15-та седница одржана на ден 31.08.2026 година, под точка 2 од дневниот ред донесе Заклучок бр.08-705/1.2, со кој ја усвои иницијативата за измена на тарифата за смет, со која се предлага тарифата за износ на смет да се пресметува паушално во износ од 250,00 денари.

Ваквата одлука односно Заклучок на Советот на Општина Росоман е во директна спротивност со законските и статутарните одредби со кои се уредуваат надлежностите на Советот и процедурата за утврдување на цените на комуналните услуги.

Имено, согласно член 22 став 2 во врска со член 23 од Законот за комуналните дејности, висината на надоместокот за користење на комуналните услуги од индивидуалната комунална потрошувачка (во која спаѓа и собирањето и транспортирањето на комунален отпад/смет) ја утврдува давателот на комуналната услуга (јавното претпријатие), а по претходно добиена согласност од општината.

Истовремено, согласно соодветните одредби од Законот за јавните претпријатија, посебно член 19 став 2 точка 7, утврдувањето на цените на производите и услугите е во

исклучива надлежност на Управниот одбор на јавното претпријатие како орган на управување кој врши економско–финансиска пресметка. Советот на општината има единствено законско право да даде или да не даде претходна согласност на предлог-тарифата/ценовникот изготвен од страна на ЈП, но нема законско овластување самостојно да утврдува, диктира или паушално да пропишува нова тарифа.

Понатаму надлежноста на Советот утврдена во член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа и член 9 точка 29 од Статутот на општина Росоман му даваат право на Советот да ги усвојува Програмите за работа и финансиските планови на јавните служби, но не и директно да ги заменува органите на управување на ЈП во одредувањето на единечните цени.

Иако член 24 од Законот за комуналните дејности предвидува можност за пресметка на смет по m²/кг/паушал, тоа претставува законска мерна единица која ја применува давателот на услугата во својот калкулативен тарифник, а не дава право на Советот со сопствен акт директно да пресече паушална цифра.

Со оглед на тоа што донесениот Заклучок бр.08-705/1.2 од 31.08.2026 година е донесен со пречекорување на статутарните и законските надлежности на Советот, Градоначалникот, постапувајќи по службена должност утврдена со член 51 став 1 од Законот за локалната самоуправа, донесе решение за запирање на неговото објавување во службеното гласило.

Од горенаведените причини, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Со ова Решение, согласно член 51 став 2 од Законот за локалната самоуправа, се известува Советот на Општина Росоман за причините за запирањето на објавувањето на актот.

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за именување на ВД членови на Надзорен одбор за контрола на материјалното и финансиско работење на Јавното претпријатие за комунални дејности “Росоман“ – општина Росоман, донесено на 15-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 31.08.2026 година.

Изработила: J/K

**Бр.09-705/1.3**
**03.09.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 17-ѓ став 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/1996, 9/1997, 6/2002, 19/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.35/2019, 275/2019, 89/2022, 274/2022, 208/2024, 193/2025, 96/2026) и член 9 став 1 точка 28 од Статутот на општина Росоман („Службен гласник на општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 15-та седница одржана на ден 31.08.2026 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за именување на ВД членови на Надзорен одбор за контрола на материјалното и финансиско работење на Јавното претпријатие за комунални дејности “Росоман“ – општина Росоман**

**1.** Со ова Решение се именуваат следните лица како ВД членови на Надзорен одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности “Росоман“ од Росоман:
   1. Митко Пешов - дипломиран правник
   2. Желимир Трикиќ - дипломиран економист
   3. Ѕвонко Ѓоргов - дипломиран географ

**2.** ВД членовите на Надзорниот одбор на ЈПКД Росоман - Росоман се именуваат за времетраење од шест (6) месеци од денот на донесување на ова Решение.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-705/1.3**
**31.08.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за соработка со ТРД КТВ ДООЕЛ - Кавадарци, донесена на 15-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 31.08.2026 година.

Изработила: Ј/К

**Бр.09-705/1.4**
**03.09.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 9 точка 43 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на одржаната 15-та седница на ден 31.08.2026 година, донесе

# О Д Л У К А

**за давање согласност за склучување на Договор за соработка со ТРД КТВ ДООЕЛ - Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Советот дава согласност да се склучи Договор за соработка со ТРД КТВ ДООЕЛ – Кавадарци, со предмет на договорот - Подготовка на видео материјали од седници на Советот на Општина Росоман со месечен надомест од 17.500 денари со вклучен ДДВ.

**Член 2**

Со оваа Одлука, Советот го задолжува Градоначалникот да го склучи Договорот за соработка опишан во член 1 од оваа Одлука за период од една година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува со сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-705/1.4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**31.08.2026 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Р О С О М А Н** **Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за недавање согласност на Годишен план за вработување на Општина Росоман за 2027 година, донесено на 15-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 31.08.2026 година.

Изработила: Ј/К

**Бр.09-705/1.5**
**03.09.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а во врска со член 20-б став 1 алинеја 3 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20, 302/20, 208/24 и 210/24), Советот на Општина Росоман на 15-та седница одржана на ден 31.08.2026 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за недавање согласност на Годишен план за вработување на Општина Росоман за 2027 година**

1. Со ова Решение не се дава согласност на Годишниот план за вработување на Општина Росоман за 2027 година со арх.бр.01-697/1 од 21.08.2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-705/1.5**
**31.08.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Опш тина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за недавање согласност на Годишен план за вработување на ЈОУДГ „Праскичка“ – Општина Росоман за 2027 година, донесено на 15-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 31.08.2026 година.

Изработила: Ј/К

**Бр.09-705/1.6**
**03.09.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а во врска со член 20-б став 1 алинеја 3 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20, 302/20, 208/24 и 210/24), Советот на Општина Росоман на 15-та седница одржана на ден 31.08.2026 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за недавање согласност на Годишен план за вработување на ЈОУДГ „Праскичка“ – Општина Росоман за 2027 година

1. Со ова Решение не се дава согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУДГ „Праскичка“ – Општина Росоман за 2027 година со арх.бр.01-42/1 од 06.08.2026 година, усвоен со Одлука бр.02-41/4 од 06.08.2026 година, донесена од Управниот одбор на ЈОУДГ „Праскичка“.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-705/1.6**
**31.08.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за давање согласност на Одлука за зголемување на бројот на деца по воспитни групи за воспитната 2026/2027 година во ЈОУДГ „Праскичка“ Росоман, донесено на 15-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 31.08.2026 година.

Изработила: Ј/К

**Бр.09-705/1.7**
**03.09.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 15-та седница одржана на ден 31.08.2026 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за давање согласност на Одлука за зголемување на бројот на деца по воспитни групи за воспитната 2026/2027 година во ЈОУДГ „Праскичка“ Росоман**

1. Со ова Решение се дава согласност на Одлуката за зголемување на бројот на деца по воспитни групи за воспитната 2026/2027 година во ЈОУДГ „Праскичка“ Росоман бр.02-41/5 од 06.08.2026 година, донесена од Управниот одбор на ЈОУДГ „Праскичка“ Росоман.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-705/1.7**
**31.08.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за разрешување и именување на член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Праскичка“ Росоман како претставник од Министерството за социјална политика, демографија и млади, донесено на 15-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 31.08.2026 година.

Изработила: Ј/К

**Бр.09-705/1.8**
**03.09.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 28 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а во врска со член 114 став 8 и став 18 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25, 132/25, 125/26 и 183/26) и доставениот Предлог за член на управен одбор арх.бр.03-5437/1 од 31.07.2026 година од страна на Министерство за социјална политика, демографија и млади, Советот на Општина Росоман на 15-та седница одржана на ден 31.08.2026 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## за разрешување и именување на член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Праскичка“ Росоман како претставник од Министерството за социјална политика, демографија и млади

1. Со ова Решение од функцијата член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Праскичка“ Росоман како претставник од Министерството за социјална политика, демографија и млади се разрешува лицето Ангел Камчев, именуван со Решение бр.08-418/1.15 од 19.05.2025 година.

2. За член на Управниот одбор на ЈОУДГ „Праскичка“ Росоман, како претставник од Министерството за социјална политика, демографија и млади се именува лицето:
   - Христина Јовановска.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-705/1.8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**31.08.2026 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Р О С О М А Н** **Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за именување членови на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Росоман, донесена на 15-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 31.08.2026 година.

Изработила: Ј/К

**Бр.09-705/1.9**
**03.09.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 22 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 181 став 1 и став 2 од Закон за правда за децата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.66/24, 55/25), член 9 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), како и врз основа на Одлуката за формирање на Општински совет за превенција на детско престапништво на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.06/26 од 29.04.2026 год.), Советот на Општина Росоман на 15-та седница одржана на ден 31.08.2026 година на предлог на Градоначалникот, донесе

# О Д Л У К А

## за именување членови на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Росоман

**Член 1**

За членови на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Росоман се именуваат следните претставници:

- Ратка Тодорова – претставник од Министерството за внатрешни работи (ОВР Кавадарци);
- М-р Небојша Маринковиќ – дипломиран правник, претставник од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Кавадарци;
- Даниела Тасева – судски советник, претставник од Основен суд Кавадарци;
- Дарко Станоевски – помлад јавнообвинителски соработник, претставник од Основно јавно обвинителство Кавадарци;
- Илија Илиевски – адвокат од Кавадарци, претставник од Адвокатската комора на РСМ;
- Стојна Кавазова – претставник од Советот на родители при ООУ „Пере Тошев“ – Росоман.

**Член 2**

Членовите на Општинскиот совет за превенција се именуваат за време од пет (5) години, со право на повторен избор.

**Член 3**

Од редот на именуваните членови, Општинскиот совет за превенција дополнително ќе избере претседател со мандат од две (2) години, со право на повторен избор.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила (8) осмиот ден од денот на објавување во Службениот гласник на Општина Росоман.

**Бр.08-705/1.9**
**31.08.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за давање согласност за распишување Јавен повик за избор на членови на Иницијативен одбор за организација и одржување на Локално младинско собрание на Општина Росоман, донесена на 15-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 31.08.2026 година.

Изработила: Ј/К

**Бр.09-705/1.10**
**03.09.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 17 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/20), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 9 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 15-та седница одржана на ден 31.08.2026 година, донесе

# О Д Л У К А

**за давање согласност за распишување Јавен повик за избор на членови на Иницијативен одбор за организација и одржување на Локално младинско собрание на Општина Росоман**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за распишување на Јавен повик за формирање на Иницијативен одбор за организација и одржување на Локално младинско собрание на Општина Росоман (прилог бр.1 на оваа одлука).

**Член 2**

Иницијативниот одбор е составен од пет (5) члена и се формира само за одржување на конститутивното Локално собрание на млади.

Во иницијативниот одбор може да членуваат младински организации, организации на млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружувања, кои работат и функционираат на територијата на Општината и сакаат да учествуваат во основањето на Советот за млади.

Мандатот на иницијативниот одбор престанува по одржување на првата конститутивна седница на Собранието на млади.

**Член 3**

Јавниот повик се објавува на веб страницата на Општина Росоман и трае седум (7) работни дена, сметано од денот на објавувањето.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување и истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-705/1.10**
**31.08.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Заклучокот по однос на точка 11 од утврдениот дневен ред на седницата, односно Предлог – Одлуката за донесување на Предлог – Техничка исправка за урбанистички план вон населено место Росоман за стопански комплекс за производство и примарна и финална обработка на земјоделски производи, КО Росоман, Општина Росоман, донесен со Одлука 07-568/3.2 од 28.12.2010 година, донесен на 15-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 31.08.2026 година.

Изработила: Ј/К

**Бр.09-705/1.11**
**03.09.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 15-та седница одржана на ден 31.08.2026 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

**1.** По однос на точка 11 од утврдениот дневен ред на седницата, односно Предлог – Одлуката за донесување на Предлог – Техничка исправка за урбанистички план вон населено место Росоман за стопански комплекс за производство и примарна и финална обработка на земјоделски производи, КО Росоман, Општина Росоман, донесен со Одлука 07-568/3.2 од 28.12.2010 година, по одржана седница:

- Советот на Општина Росоман не ја донесе Предлог – Одлуката за донесување на Предлог – Техничка исправка за урбанистички план вон населено место Росоман за стопански комплекс за производство и примарна и финална обработка на земјоделски производи, КО Росоман, Општина Росоман, донесен со Одлука 07-568/3.2 од 28.12.2010 година, поради немање на потребно мнозинство.

**2.** Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-705/1.11**
**31.08.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за усвојување на Извештај (квартален) за финансиското работење на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци за период од 01.01.2026 година до 30.06.2026 година, донесено на 15-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 31.08.2026 година.

Изработила: Ј/К

**Бр.09-705/1.12**
**03.09.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а во врска со член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26), Советот на Општина Росоман на 15-та седница одржана на ден 31.08.2026 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за усвојување на Извештај (квартален) за финансиското работење на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци за период од 01.01.2026 година до 30.06.2026 година**

1. Со ова Решение се усвојува Извештајот (квартален) за финансиското работење на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци за период од 01.01.2026 година до 30.06.2026 година бр.02-171/2 од 17.07.2026 година, усвоен со Одлука бр.02-171/3 од 17.07.2026 година, донесена од Управниот одбор на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР - ШЕПА Кавадарци.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-705/1.12** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**31.08.2026 година** — **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Р О С О М А Н** — **Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за давање согласност на Одлука за утврдување на цените на услугите за третман на заловено сопственичко куче во ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци, донесено на 15-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 31.08.2026 година.

Изработила: Ј/К

**Бр.09-705/1.13**
**03.09.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а во врска со член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26), Советот на Општина Росоман на 15-та седница одржана на ден 31.08.2026 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за давање согласност на Одлука за утврдување на цените на услугите за третман на заловено сопственичко куче во ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци**

1. Со ова Решение се дава согласност на Одлуката за утврдување на цените на услугите за третман на заловено сопственичко куче во ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци бр.02-200/3 од 20.08.2026 година, донесена од Управниот одбор на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР - ШЕПА Кавадарци.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-705/1.13**
**31.08.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за донесување на Годишна програма за работа на ООУ „Пере Тошев“ општина Росоман за учебната 2026/2027 година, донесена на 15-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 31.08.2026 година.

Изработила: Ј/К

**Бр.09-705/1.14**
**03.09.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а во врска со член 49 став 8 и став 10 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19, 229/20, 3/25, 74/25, 250/25, и 111/26), Советот на Општина Росоман на 15-та седница одржана на ден 31.08.2026 година, донесе

# О Д Л У К А

**за донесување на Годишна програма за работа на ООУ „Пере Тошев“ општина Росоман за учебната 2026/2027 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Годишната програма за работа на ООУ „Пере Тошев“ општина Росоман за учебната 2026/2027 година арх.бр.01-306/4 од 03.07.2026 година, предложена од Училишниот одбор при ООУ „Пере Тошев“ Росоман.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-705/1.14**
**31.08.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за одобрување на еднократна парична помош на физичко лице, донесена на 15-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 31.08.2026 година.

Изработила: Ј/К

**Бр.09-705/1.15,1**
**03.09.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а согласно Програмата за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита за потребите на граѓаните на општина Росоман за 2026та година („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.02/26), Советот на Општина Росоман на 15-та седница одржана на ден 31.08.2026 година, донесе

# О Д Л У К А

**за одобрување на еднократна парична помош на физичко лице**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства во висина од 10.000,00 денари на Ѓоко Николов од Росоман како еднократна парична помош за лекување, а по однос на поднесено Барање со бр.08-697/1 од 21.08.2026 година.

**Член 2**

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, Решение ќе донесе Градоначалникот на Општина Росоман.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-705/1.15,1**
**31.08.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**